Согласно член 35, точка 1, алинеја 1 од Правилата за котација го објавуваме следново:

Во периодот од 01.01 до 31.03.2023 година Друштвото од своето работење оствари добивка пред оданочување во износ од 126,58 милиони денари, наспроти остварената во истиот период минатата година која изнесуваше 214,95 милиони денари.

**Информации од Билансот на успех во 000 МКД**

| | Тековен период 31.03.2023 | Претходен период 31.03.2022 | Промена | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни Приходи | 6.955.439 | 7.062.419 | -106.980 | -1,51% |
| Оперативни Приходи | 6.902.559 | 7.042.949 | -140.390 | -1,99% |
| Приходи од продажба | 6.883.977 | 7.031.493 | -147.516 | -2,10% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,73% | 99,84% | | |
| | | | | |
| Вкупни Расходи | 6.828.858 | 6.847.471 | -18.613 | -0,27% |
| Оперативни Расходи | 6.820.911 | 6.842.929 | -22.018 | -0,32% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 6.090.774 | 6.190.169 | -99.395 | -1,61% |
| *- % во оперативни расходи* | 89,30% | 90,46% | | |
| | | | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | ***126.581*** | ***214.948*** | ***-88.367*** | ***-41,11%*** |

Намалувањето на добивката по оданочување од 88,37 милиони денари или 41,11% е резултат на нестабилноста на цените на нафтата на светските берзи, како и на намалената вкупна продажба на енергенси од 4,88%. Дополнително врз падот на добивката значајно влијае и покачувањето на платите на вработените со цел надминување на економската криза и подобрување на животниот стандард на вработените.

На графиконот подолу е прикажана добивката пред оданочување за 2023 година, како и споредбата на позициите од билансот на успех со истиот квартал од минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движења кои ја намалуваат добивката.

